КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Септември 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

По подобро од очекуваниот почеток на 2023 година, потпомогнат од пониските цени на енергијата и отворањето на кинеската економија, глобалниот раст сега се очекува да се ублажи. Влијанието на заострената монетарна политика станува сѐ повидливо. Светските пазари на капитал се соочија со пад во текот на септември.

Глобалниот индекс MSCI ACWI оствари пад од 4,27% во изминатиот месец, додека од почетокот на оваа година бележи позитивен принос од 8,50%. Гледано по региони, најслаб перформанс забележа индексот S&P 500 што ги опфаќа американските акции, кој се намали за 4,87% во последниот месец, но останува со најголем принос од почетокот на годината споредено со другите прикажани индекси од 11,68%. Од друга страна, MSCI Emerging Market индексот што ги вклучува брзорастечките економии е со негативен принос од почетокот на годината и изнесува -0,38%.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија - Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на септември, македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пораст од 1,37% и исто така е со позитивен принос од почетокот на годината со 2,67%. Од акциите вклучени во него, најголем принос во изминатиот месец оствари Стопанска банка АД Скопје, чија цена порасна за 7,35%. За разлика од ова, со најслаб принос беше Макпетрол кој изнесуваше –1,14%. Од почетокот на годината, Уни банка има најголем пораст од 24,83%, додека Гранит бележи најголем негативен принос кој изнесува –12,51%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во текот на изминатиот месец ЕЦБ ја зголеми референтната каматна стапка за 0,25 п.п., додека американската ФЕД го задржа истото ниво. Сепак, изјавите се дека инфлацијата сè уште е висока и поради тоа каматните стапки би останале на постоечките високи нивоа во периодот што следи.
Во поглед на приносот на државните обврзници беше забележан пораст кај сите земји. Притоа, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница, кој изнесува 6,56%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,77%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.*
*Извор: Блумберг*




ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на септември, најголем пораст во однос на еврото оствари американскиот долар (USD) кој ја зголеми својата вредност за 2,56%, додека најголем пад споредено со еврото забележа британската фунта (GBP) која изнесуваше 1,28%. Од почетокот на годината, најголем пораст споредено со еврото има швајцарскиот франк кој изнесува 2,33%, а како и претходно, руската рубља (RUB) останува со најголем пад изнесувајќи 23,02%.






*Извор: Блумберг*